Ибрахим Беди

# ПОГЛЕД КОН ЗАБОРАВЕНОТО

цртеж, објект, инсталација



Ibrahim Bedi

# VIEW TOWARDS THE FORGOTTEN

drawing, object, installation

# Поглед кон заборавеното

Проектот *Поглед кон заборавеното* на Ибрахим Беди е составен од два содржински дела цртеж/објект-цртеж и инсталација кои ги прикажуваат двата карактеристични дискурса во творештвото на овој автор.
*Цртеж, објект-цртеж*: Цртежите се надоврзуваат на циклусот интимни цртежи, започнат во 1996 година (*Мојата соба*, Галерија САМ, 1996 и *Мојот дневник*, САС Галерија, 2002) и се хронологија на најинтимните детали од неговиот живот. Неговиот карактеристичен ракопис, составен од симболи и знаци (порти, птици), со доминантни светли бои (особено сини нијанси) го оживува заборавеното време на градот: чаршијата, улицата, маалото. Во овој дел, како издвоен циклус се претставени објекти-цртежи кои му се посветени на големиот исламски архитект Мимар Синан. Поедноставените необични форми на предметите - делови од употребени предмети, се патинирани со ведри графички интервенции.
*Инсталација*: Процесот на нејзина реализација во неискористениот, заборавен и маргинализиран простор започнува со каменот - толчник, карактеристичен елемент од минатото присутен во муслиманските и христијанските куќи. На овој елемент, кој реферира на носталгија кон домот-огништето, се доизградува приказната раскажана преку суптилен, но комплексен состав на објекти архитектонско-скулптурално третирани. Изработени од минлив материјал (гранки, коноп, конци) овие објекти ги рефлектираат тајните на просторот од архитектурата на Мимар Синан и Кападокија. Според авторот, главната идеја во неговото творештво стои наспроти вечноста, односно контра она што во источната филозофија се нарекува put perest (човек кој верува во вечното).
Во делата на Ибрахим Беди е присутна дијалектика на просторот (внатре - надвор, простор - не-простор) и времето (минато - сегашност, вечно - минливо). Огледалата кои создаваат илузија на длабочина се во насока на рефлектирање на маргиналното и преиспитување на она што се нуди како вистинито.
Акцентот на изложбата *Поглед кон заборавеното* е ставен на топлината и интимноста на минатото и сеќавањата од кои авторот ја црпи енергијата за своите комплексни дела. Материјалот кој го користи е природен, архетипски (дрво, камен) и е во корелација со митското и ритуалното, наспроти урбаното. На овој начин, со користење на наједноставни готови (обработени, употребувани) или природни парчиња, авторот ги извлекува предметите од заборавот на реалноста и им дава ново митско и уметничко значење.

Маја Чанкуловска-Михајловска

Насловна страница: Од циклусот *Птици*, 2003
Front page: From the Cycle *Birds*, 2003





Пред и потоа





Before and After





# View Towards the Forgotten

Ibrahim Bedi's project *ViewTowards the Forgotten* is made of two basic parts - drawing/object-drawing ana installation that illustrates the two characteristic discourses in his art.

*Drawing, object-drawing*: Drawings are continuation of a cycle of intimate drawings, which started in 1996 (*Room of My Own*, SAM Gallery, 1996 and *My Diary*, CAC Gallery, 2002), and represent a kind of chronology of the most intimate details in his life. His characteristic writing, consisted of symbols and signs (gates, birds), with dominant light colors (especially blue), brings back to life city's forgotten time: the Old Bazaar, the streets, the neighborhood. In this part, in a form of divided cycle he represents objects-drawings which are dedicated to the great Islamic architect Mimar Sinan. Simplified unusual forms of objects - parts of used objects, are patinized with joyful graphic interventions.

*Installation*: The process of its realization into the unused, forgotten and marginalized space, starts with the melting stone, characteristic element for Christian and Muslim houses from the past. Over this element, that refer to the nostalgia towards the home - the fireplace, the story is told trough subtle, yet complex combination of elements treated in architectonical-sculptural manner. Created from temporary materials (branches, nets), these objects reflect the secrets of the space from Mimar Sinan's architecture and the architecture from Capadocia. According to the author, the main idea in his work stands opposite eternal, opposite the one that in the eastern philosophy is named as "put perest" (one that believes in the eternal).

Dialectic of the space (inside - outside, space - non-space) and time (present - past, eternal - temporary) is present in Ibrahim Bedi's works. Mirrors create illusion of deep directed towards reflecting the marginal and questioning the truth.

The emphasis of the exhibition *View Towards the Forgotten* is put on the warmness and the intimacy of the past and memories, from which emerges author's energy for creating his complex works. Material that is used is natural, archetypical (wood, stone) and with correlation to the mythical and ritual, opposite to urban. On this way, using of simplest ready-made (carved, used) and natural objects, the artist derives objects from forget ness of the reality and gives them new mythical and artistic meaning.

Maja Cankulovska-Mihajlovska



*Сеќавања*, 2003
*Memories*, 2003



Од циклусот
*Птици*, 2003

From the Cycle
*Birds*, 2003

**Ибрахим Беди**

Роден во Скопје, 1959. Дипломирал 1985 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, оддел скулптура. Магистрира во 1999 година. Од 1985-1990 учествува во активностите (перформанси, хепенинзи, мурали, инсталации) на групата „Зеро". 1991 добитник на стипендијата на Академијата Мимар Синан во Истанбул од страна на Министерството за култура на Турција.
Адреса: ул. Ѓорѓи Сугаре 6/1/14, Скопје; тел. 02 2776433.

**Самостојни изложби: 1986** Скопје, Галерија „25 Мај"; **1987** Сараево (Босна и Херцеговина), Уметничка галерија ЦЕДУС; **1991** Скопје, Уметничка галерија „Скопје" - Даут пашин амам; **1992** Истанбул (Турција), Kadikoy Cultural Center; **1992** Истанбул (Турција), Yuksel Sabanci Cultural Center; **1993** Истанбул (Турција), Kazgundzug; **1996** Скопје, *Мојата соба*, Кафе - галерија САМ; **1997** Скопје, Самостоен видео проект *Праг*, Чифте амам; **1999** Скопје, Уметничка галерија „Скопје" - Даут пашин амам; **2001** Струмица, Работнички универзитет „Јошка Свештарот"; Прилеп, Дом на култура „Марко Цепенков"; **2002** Скопје, *Мојот дневник*, CIX галерија; **2003** Скопје, *Стебло на желбите*, Уметничка галерија „Скопје" - Даут пашин амам; **2004** Културен центар „ТОЧКА".

Учествувал на повеќе групни изложби во земјава и во странство (избор): **1990** Келн, Германија, "Standpunkt: Macedonian Group Zero from Skopje", Eastern European Cultural and Art Center; **1994** Нирнберг, Германија, Gallery in Kulturrathaus of Dresden City; **1996** Париз, Франција, 75 уметници од Македонија, Site International de Art; **1997** Истанбул, Турција, 5. Истанбулско меѓународно биенале, Darb Hane; **2001** Скопје, "Цитати", Музеј на современата уметност; **2003** Скопје, "Прочистување", Национална галерија (Чифте амам) и други.

**Ibrahim Bedi**

Born in Skopje, in 1959. 1985 graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje at the Sculpture Department. He obtained a Master's degree in 1999. From 1985-1990 he participated in the activities (performances, happenings, murals, installations) of the Macedonian group "Zero". In 1991 he gained the Grant of Ministry of Culture of the Republic of Turkey for artist in residence program at Minar Sinan Academy in Istanbul.
Address: Gjorgji Sugare 6/1/14, Skopje; tel. ++ 389 (0)2 2776433.

**Solo exhibitions: 1986** Skopje, Youth Cultural Center "25 May"; **1987** Sarajevo (Bosnia and Herzegovina), CEDUS Art Gallery; **1991** Skopje, "Skopje" Art Gallery - Daut Pasha amam; **1992** Istanbul (Turkey), Kadikoy Cultural Center; **1992** Istanbul (Turkey), Yuksel Sabanci Cultural Center; **1993** Istanbul (Turkey), Kazgundzug; **1996** Skopje, *Room of My Own*, "SAM" Cafe - gallery; **1997** Skopje, Independent video project *Prag*, Chifte amam; **1999** Skopje, "Skopje" Art Gallery - Daut pasha amam; **2001** Strumica, "Joshka Sveshtarot", drawings and objects; Prilep, "Marko Cepenkov" Cultural House, drawings and objects; **2002** Skopje, *My Diary*, CIX Gallery; **2003** Skopje, *A Stem of the Wishes*, "Skopje" Art Galley - Daut pasha amam; **2004** "TOCKA" Cultural Center.

He participated in many group exhibitions in Macedonia and abroad (selection): **1990** Cologne, Germany, "Standpunkt:Macedonian Group Zero from Skopje", Eastern European Cultural and Art Center; **1994** Nurnberg, Germany, Gallery in Kulturrathaus of Dresden City; **1996** Paris, France, Site International de Art: 75 Artists; **1997** Istanbul, Turkey, 5th International Biennial in Istanbul, Darb Hane; **2001** Skopje, "Quotations", Museum of Contemporary Art; **2003** Skopje, "Purification", National Gallery (Chifte amam) etc.



Од циклусот
*Порта*, 2003

From the Cycle
*Gate*, 2003

*Таџ Михраб*, 2004
*Taj Mihrab*, 2004



организација: Контрапункт, Скопје
текст: Маја Чанкуловска
дизајн: Точка™
Контрапункт, контакти:
Илинденска 38, Скопје
тел. 02 3215494;
kontrapunkt@koma.com.mk

Јули 2005, Завод и Музеј - Битола

Изложбата е дел од проектот
„Слевање на маргините" поддржан од

organization: Kontrapunkt, Skopje
text: Maja Cankulovska
design: Tocka™
Kontrapunkt, contact:
Ilindenska 38, Skopje
tel. 02 3215494;
kontrapunkt@koma.com.mk

July, 2005, Institute and Museum - Bitola

This exhibition is part of the project
„Confluent margins" supported by

Swiss Cultural Programme Macedonia

DEZA
DDC
DSC
SDC
COSUDE

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland